лабораторија avicena

ПЗУ АВИЦЕНА ЛАБОРАТОРИЈА
СПЕЦИЈАЛИСТИЧКА ДИЈАГНОСТИЧКА ЛАБОРАТОРИЈА
Бул. 8 Септември бр.2, Лок.1, 1000 Скопје, Р. Македонија
тел: 02/3179 001, 075 211 406; факс: 02/3177 130
e-mail: lab@avicenalab.com.mk; www.avicenalab.com.mk

## Pyrilinks-D ( Deoksipiridinolin DPD )

| | |
|---|---|
| **За тестот:** | Тест за одредување на нивото на деоксипиридинолин (DPD), познат и како Pyrilinks-D, специфичен маркер за коскената ресорпција и остеокластичната активност. Се користи заедно со другите коскени маркери за дијагностицирање на болести на коските како што се постменопаузална остеопороза, коскени метастази и Paget-ова болест, како и за следење на состојбата и проценка на ризикот и одговорот на терапијата. |
| **Примерок:** | Урина |
| **Подготовка пред земање на примерок:** | За преглед на урината неопходно е да се земе, после лична хигиена ( тоалета со топла вода и сапун ), првата утринска урина ( среден млаз ) во стерилен сад и во најкраток можен рок да се донесе во лабараторија. Ако не сте во можност да дојдете веднаш, урината може да се држи во фрижидер некое време. Прегледот на примерокот од урина треба да се направи најкасно 2 часа од неговото земање, а максимално 4 часа ако урината се чува во фрижидер. |
| **Забелешка:** | ДПД или деоксипиридинолинот се формира за време на ензимската акција на лизил оксидазата на амино киселината лизин. ДПД се ослободува во циркулацијата за време на процесот на ресорпција на коските. ДПД се излачува неметаболизиран во урината и е независен од начинот на исхрана, што го прави погоден за оценување на ресорпцијата. |